ЗАПИСНИК

од 65-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 25.03.2025 г.
со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата беа присутни сите 9 (девет) членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Велјановски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни: Градоначалникот Стевановски, Анета Киселоска – раководител. Директорката на МЈП ‘’Пелалинк’’ – Битола, Јагода Неделкова (беше присутна на седницата само за образложение на Завршната сметка на МЈП ‘’Пелалинк’’).

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записник од 62-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и усвојување на Записник од 63-та седница на Совет на Општина Новаци;;
3. Разгледување и донесување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2025година;
4. Разгледување и донесување на Одлука за давање на согласност за сместување на Младински центар Новаци, во простории кои се во сопственост на Општина Новаци
5. Разгледување и усвојување на Завршна сметка на МЈП ‘’Пелалинк’’ Битола за 2024;
6. . Разгледување и усвојување на Дополнување на Годишна програма за превоз на ученици за подобрување на одржливост и квалитет на превоз на општинските линии на територијата на Општина Новаци за 2025 година;
7. Разгледување на Барање за отстапување на патничко возило PEUGEOT EXPERT во сопственост на Општина НОваци за потребите на МЈП Пелалинк Битола ;
8. Разгледување и донесување на Правилник за утврдување на начинот, постапката и критериумите за распределба на финансиски средства од Општина Новаци на програми, проекти, активности, натпревари и манифестации од областа на спортот, културата и поддршка на граѓанскиот сектор.;
9. Разгледување на барање за донирање на финансиски средства на сметка на фонд за солидарност на Црвен Крст на РСМ, за поддршка на настраданите во пожарот во Кочани
10. Разгледување на барање за донација за набавка на мебел и опрема од ЈЗУ ‘’Здравствен дом ‘’Битола;
11. Разгледување на Барање од ЗФК ‘’Пелагонија’’ Добромири за финансиски средства за натпреварувачката сезона есен 2025/пролет 2026;
12. Советнички прашања.

Пред да се разгледа Дневниот ред на 65-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката на Советот Славица Најдовска Стојковска изрази сочувство до семејствата на настраданите во пожарот во Кочани и со едноминутно молчење оддадоа почит на загинатите.

Славица Најдовска Стојковска предложи дополнување на Дневниот ред со 6 точки како точка број:

12. Разгледување и усвојување на Завршна сметка ЈОУДГ Бамби Новаци;

13. Разгледување на Барање за ЕПП (Еднократна парична помош) од Мери Стојановска од Новаци, лице со посебни потреби;

14. Разгледување на Барање за ЕПП од Марина Наумовска од с.Новаци, лице со здравствени проблеми;

15. Разгледување на Барање за ЕПП од Атанасовски Томе од с.Маково, лице со социјален ризик и здравствени проблеми;

16. Разгледување на Барање за ЕПП од Котевски Иванчо од с.Новаци, лице со здравствени проблеми;

17. Разгледување на Барање од Соња Јовановска од с.Новаци, лице со здравствени проблеми.

А точка бр. 12 Советнички прашања од предложениот Дневен ред да биде точка број 18.

Советниците го разгледаа Дневниот ред, со дополнувањата, по што Претседателката Славица Најдовска Стојковска го стави на гласање, така што со **9 гласа за** беше прифатен Дневниот ред на 65-та седница на Советот на Општина Новаци.

1 Точка

Разгледување и усвојување на Записник од 62-та седница на Совет на Општина Новаци;

По разгледувањето, Записникот од 62-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа ЗА.**

2 точка

Разгледување и усвојување на Записник од 63-та седница на Совет на Општина Новаци;

По разгледувањето, Записникот од 62-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за.**

3 точка

Разгледување и донесување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2025година;

По разгледување на програмата беше усвоена со **6 гласа ЗА и 3 воздржани**.

4 точка

Разгледување и донесување на Одлука за давање на согласност за сместување на Младински центар Новаци, во простории кои се во сопственост на Општина Новаци

Градоначалникот Стевче Стевановски даде образложение зошто е потребен Младински културен центар за доброто на младите во Општина Новаци. Одлуката беше усвоена со **6 гласа ЗА и 3 воздржани.**

5 точка

Разгледување и усвојување на Завршна сметка на МЈП ‘’Пелалинк’’ Битола за 2024;

Директорката на МЈП Пелалинк Јагода Неделкова пред советниците ја презентираше Завршната сметка на претпријатието. Истата беше усвоена со **6 гласа ЗА и 3 воздржани.**

6 точка

Разгледување и усвојување на Дополнување на Годишна програма за превоз на ученици за подобрување на одржливост и квалитет на превоз на општинските линии на територијата на Општина Новаци за 2025 година;

Славица Најдовска Стојковска, ја објасни потребата од донесување на оваа Одлука, бидејќи се работи за деца од нашата општина за кои е потребен легален превоз до училиште и назад.

За донесување на одлуката **гласаа 8** советници, а **1 беше воздржан.**

7 точка

Разгледување на Барање за отстапување на патничко возило PEUGEOT EXPERT во сопственост на Општина Новаци за потребите на МЈП Пелалинк Битола ;

Славица Најдовска Стојковска образложи дека за да се добие лиценца за превоз на учениците од нашаат општина потребно е и ова возило.

Одлуката беше изгласана со **6 советници, ЗА а 3 беа против.**

8 точка

Разгледување и донесување на Правилник за утврдување на начинот, постапката и критериумите за распределба на финансиски средства од Општина Новаци на програми, проекти, активности, натпревари и манифестации од областа на спортот, културата и поддршка на граѓанскиот сектор;

Славица Најдовска Стојковска постави прашање кој го изработи правилникот бидејќи е обемен, одговор и објаснување даде раководителот на Одделение за правни работи Анета Киселоска: Согласно закон за спорт треба да се изработи правилник за начинот на финансиско потпомагање на спортот. Тука исто така ја опфативме и културата. Претходно имаше методологија по која се доделуваја финансиски средства по објавен јавен повик, истата ќе се измени бидејќи од неа ќе се изземат спортот и културата''.

Правилникот беше разгледан и изгласан со **8 советници ЗА и 1 воздржан.**

9 точка

Разгледување на барање за донирање на финансиски средства на сметка на фонд за солидарност на Црвен Крст на РСМ , за поддршка на настраданите во пожарот во Кочани.

Одлуката беше едногласно поддржана и изгласана од сите советници, со што беа одобрени финансиски средства вовисина од 300,000.00 денари.

10 точка

Разгледување на Барање за донација за набавка на мебел и опрема од ЈЗУ ''Здравствен дом ''Битола;

По разгледување на барањето за со **9 гласа ЗА** беше одобрена донација од 30,000.00 денари**.**

11 точка

Разгледување на Барање од ЗФК ''Пелагонија'' Добромири за финансиски средства за натпреварувачката сезона есен 2025/пролет 2026.

Со цел подобрување и развој на спортот во општината со **9 гласа ЗА** беше донесена одлука за одобрување на финансиски средства во висина од 140,000.00 денари.

12 Точка

Разгледување и усвојување на Завршна сметка ЈОУДГ Бамби Новаци

По разгледување на Завршната сметка на ЈОУДГ Бамби Новаци, истата беше усвоена и беше донесена одлука со **7 гласови ЗА и 2 воздржани.**

13 Точка

Разгледување на Барање за ЕПП (Еднократна парична помош) од Мери Стојановска од Новаци, лице со посебни потреби;

14 точка

Разгледување на Барање за ЕПП од Марина Наумовска од с.Новаци, лице со здравствени проблеми;

15 точка

Разгледување на Барање за ЕПП од Атанасовски Томе од с.Маково, лице со социјален ризик и здравствени проблеми;

16 точка

Разгледување на Барање за ЕПП од Котевски Иванчо од с.Новаци, лице со здравствени проблеми;

17 точка

Разгледување на Барање од Соња Јовановска од с.Новаци, лице со здравствени проблеми.

Барањата беа разгледани и За сите баратели по член 7, за лица со здравствени проблеми беа одобрени финансиски средства од по 20,000.00 ден. **Сите 9 советници гласаа ЗА**.

18 точка

Советнички прашања

Бидејќи немаше советнички прашања 65-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Јасмина Петровска

Претседател на Совет на Општина Новаци
Славица Најдовска Стојковска